**Гласен Текстилец**
**Ул. Сутјеска 59, 2 000 Штип**
**glasentekstilec@gmail.com**
**www.glasentekstilec.mk**

# Програма за работа на Гласен Текстилец за 2021 година

**Визијата на Здружението е**: Граѓани работници со висока свест, едуцирани, информирани, ги уживаат своите права.

**Мисијата на здружениетое:** Да биде водечка организација заоствварување на правата на работниците во РСМ.

**Стратешки цели на Здружението се:**

1. Професионалност и транспарентност во работата на здружението;

2. Застапување на интересите на работниците во текстилната,кожарската и чевларската индустрија;

3. Афирмирање и популаризација на проблемите на работниците и кршењето на нивните права;

4. Подигање на свеста на работниците преку едукации, трибини, конференции, семинари и други активности кои се потребни;

5. Учество во подготовка на закони и други нормативни акти и прописи од областите на интерес на здружението и работниците во текстилната,кожарската и чевларската индустрија;

6. Изградба на сопствена структура за подготвка на проекти за развој и унапредување на здружението;

7. Стумулирање, лобирање, менаџирање, креирање и развој на соработка со медиумите, бизнис секторот, други невладини организации, фондации, асоцијации и остварување на меѓународна соработка;

8. Поддршка, создавање и развој на соработка со органите на централната и локалната власт, меѓународни институции и организации, странски амбасади и влади;

9. Стимулирање, поддршка, имплементација и застапување на работниците, преку позитивните примери во европските држави. Учество во решавање,

надминување и задоволување на проблемите и потребите на работниците во текстилната, кожарската и чевларската индустрија;

10. Вршење и други активности и облици на работа кои придонесуваат за унапредување на правата на работниците ,популаризација на проблемите и подигање на свеста на работниците;

11. Оформување и развој на мрежи и групи со организации со цел зајакнување на капацитетите за подобрување на правата на работниците;

12. Популаризација и афирмација на статусот и кршењето на правата на Маргинализираната и ранливата популација која работи во текстилната,кожарската и чевларската индустрија (роми, лгбт, зависници, сексуални работници и др.);

13. Јакнење и развивање на волонтеризмот и волонтерскиот менаџмент и активно вклучување на младите како во организацијата така и надвор од неа;

14. Социјална инклузија и подигање на свеста на граѓаните работници преку уметноста и културата;

15. Едукации и семинари за запознавање на жените со новиот Закон за спречување и заштита од дискриминација. Мониторинг на работата на Комисијата за заштита од дискриминација;

16. Следење на состојбата со човекови и работнички права преку донесени Уредби, мерки, протоколи за справување со социо - економската криза предизвикана од Корона вирусот. Мониторинг на работа на институции во врска имплементација на мерките, Уредбите и Законите за заштита на работнички и човекови права.